

# Многудетна

# МНОГУДЕТНА

Автор: @therealpsmst

Дизајн: @banekoma & Александар Јосифовски

Скопје, 2014 година

Македониде*Makedonide 003/2014

# Пофалба за жената - мајка

Благословени да се твоите јајници
што редовно даруваат јајце клетка

Благословени да се твоите гради
што кога дојат се божествена глетка

Благословена да е твојата карлица
што била и ќе биде татковина - дом

Благословена да си ти жено - мајко
што го исполнуваш државниот сон



# Многудетна

Роди ми едно
да биде вредно
да копа ораници, ниви
да сади праски, сливи

Роди ми второ
да го чува домот
имотот да го пази
од непријатели разни

Роди ми трето
да го шета светот
да го шири нашето семе
и во време и во невреме

Роди ми и женско
само да не биде дрско
понизно да слуша
да биде закопчано до гуша

Роди и уште едно
а можеби не последно
долгот ќе стаса
за партија ќе гласа



# Родителска

Нашата армија - слаби раце
тежок товар
од ветено богатство

Нашата армија - гладни усти
обрач што се стега
околу врат и струк

Нашата армија - уплашени очи
маг лива иднина
која што брои ситно

Нашата армија - деца
храната им ја изедовме
слободата им ја прокоцкавме

За да има за што да се борат



# Знаме

Три столба платно што се вее
симбол на проект, на успех, на раст
до него исправено стоиме тивко,
но нашата душа гласно пее

Лево и десно светли бои
невидливи речиси на сончев ден
кога се наведнувам страстно врз тебе
ти велам ова се драга нозете твои

На средина бело невино поле
и расечена овошка што крвари свежа
кога се наведнувам страстно врз тебе
ја фалам матката твоја што носи пролет



# Извинување од мојата генерација

Додека ја извршуваш твојата
света должност жено, дозволи
да ти посветам една песна

Храбра си што покорно ја чуваш
татковината млада и одржуваш
нејзината крв пресна

Твојата задача е дадена
уште во часот кога се роди
не од трите наречници туку
од мудриот татко што нè води

Месото што од тебе го делиш
нашата држава ја отелотворува
за многу успеси за век и веков
мачно минато да не се повторува

Додека истрајуваш во твојата
патриотска служба жено, дозволи
да ти посветам една песна

Бестрашна си што молкум градиш
тело по тело, татковиот дом
во ново да блеска

Многу пред тебе имиња незнајни
истрајно и тивко одеа по овој пат
немаме што да ти дадеме или ветиме,
но те повикуваме во служба пак

Твоите полни бедра денес повторно
се врело на нашата иднина
биди великодушна и прости ни
и кога ќе ја признаваме нашата вина



# Галење

Остани уште малку во таа положба
докторот рече така поубаво се фаќа
не е ова само моја заложба
време е што зедовме на државата да се враќа

Не мрдај, драга, не се поместувај
остави семето корен да ‘ рти
нашиот кревет проект наговестува
ние милно се ебеме, владата силно не трти

# Урбана приказна

Последниот пат кога бевме
во караванот на татко ти
ми рече „маче, извини, те молам,
ги заборавив кондомите дома“
Во себе си реков „ох, добро,
барем не оволулирам“, но те видов
како вешто (демек) ја смени
фрекфенцијата од Слободна Македонија
на 103ка на радиото чија светлост
трепереше во кабината.
Додека возевме кон нашето место
те прашав што има ново, сепак
да не молчиме и со надеж дека
ќе ми кажеш зошто не подзастана
како многупати до сега
во трафикат, две згради пред мојата,
да купиш и пиво, и чоколадо
(а не само дурекс) , но ти само

го опцу тој што нагло закочи пред тебе.
Паркиравме тивко под дрвото и
ги подотворивме прозорците како секогаш
а ти замислено, тивко, неодлучно прозборе
„маче, треба да дој деш во штаб некогаш“.
Тоа ме шокираше како оној пат
кога Маја ми се јави да ми каже дека ѝ касни,
но ти дозволив да ја довршиш реченицата
со надеж дека работите ќе ми станат појасни.
А ти само подголтна и молк.
Наведна глава и ме погали
по косата и вратот
ми даде бакнеж долг.

А јас се наежив и седнав на бок
и те прашав „Марјан, дали сакаш
да прошетаме додека е потопло?“
и се потсетив дека ретко

го паметиш мојот циклус
па можам да ти кажам и дека добив
и да го завршам овој циркуз.
Излеговме надвор, бев кратка
реков „имам нешто да ти признаам
се заљубив во друг, нема поента
да се гледаме повеќе“.
Ти ме гледаше немо и тапо, рече
„А јас сакам да имаме дете“.
Се насмевнав за да покажам разбирање
не знаев што друго кога те знам
до скоро ти инсистираше заедно да планираме.
Реков „можеби те поттикнале другарите
на такво нешто. сигурен ли се дека ова е
тоа што навистина г о сакаш сега пред
да го предадеш магистерскиот труд?
сега пред да побараш кредит
за реновирање на станот?
сега пред. . . “

Но, ти не ми дозволи да довршам,
се оддалечи во неверување
одмавна гневно со рака и не знам,

не знам можеби видов и солзи.
Но, кога одвозе, кога ме остави сама
во паркот, кога замина со нервозно вртење,
ми олесна.

Тогаш на бледото улично светло
видов дека на баг ажникот си залепил
мал црвен амблем - лав
и сфатив дека промената на фрекфенцијата
се случила претходно, а радиото било маска
си реков, ете барем една помалку мака.
И се понадевав можеби дека во твојот штаб
има и девојки чија што желба е подмладок.
Зошто да не?
Важно е да се биде среќен
макар и со политички монолог.



# Случка во матично

„Тонерот пак е празен
како јајцата на македонските мажи.
Дали да чекам јавна набавка
или да пишувам со ракава што мази?“ -
Си рече младата службеничка
во подрачната матична единица,
а редот пред шалтерот за новородени
беше стигнат до црквата на Богородица.

Првиот татко стрпливо чекаше,
вториот наѕираше зад неговото рамо,
третиот веќе се шег уваше:
„Ако почекаме уште малку млада дамо,
жена ми ќе го роди и второто“,
и неколкумина зад него се океzија,
но не и осмиот во редот
со близнаци и семејна пензија.

Потаму колоната кривулаше
кошкање и слични шеги
немаше кој да ги преброи
ниту кој паметот да им го мери.
Стануваше жешко и потно,
но не како оној пат кога сè почна
и секако помалку издржливо од
од на љубената пичката сочна.

Тогаш се појави спасителот
како принц на коњ бел
со испотена под мишка кошула
на подрачната единица раководител.
Рече: - „Стефанке, не се прави на Тошо,
протреси го тонерот, знаеш ти како,
во оваа состојба не се стигнува,
ако го работиш мажот ти млако“.

Стефанка се исправи и се виде дека
е отприлика шести месец трудна.
И тогаш аплауз одекна во чекалната
и ги спои сите во истата судба.
Штампањето изводи така започна
и работата глатко продолжи да тече
Знам - „Нема шанси ова да е во Македонија“,
читателот во неверување ќе си рече.



# Разгледница од Дебар Маало

Со другар од детството
седиме лабаво така
во Наџак или кај Перо
на ракија и салата

И ми вели меѓу две голтки
отсега секс без обврски
само со девојки сигурни
со деца на број барем три

Го погледнав малку зачудено
другаров да го викаме Влатко
ама знам има кондиција тој
не се пијани вака за кратко

Па го оставив да ја изложи
својата теза како што бидува
со аргументи и докази како што
секој кафански експерт милува

Види братче, рече самоуверено,
тие веќе исполниле квота
џвакам и слушам заинтересирано
сега се тие лесна за качување кота

И плус братче субвенции земаат
и така имаат екстра пара
деца веќе не им требаат
ама пичката уште кур им бара

Келнерот тогаш донесе нова тура
и го начу муабетов возбудлив наш
намигна, рече - тоа држи вода,
четврток вечер бакшишот е таков баш

Продолживме да бодеме ќебапи
и пиво точено како што доликува,
а Влатко спроти мене продолжи
триумфално и бучно да ликува

Допиј братче и да одиме пред Коле
кај и да е завршува час четврти
ќе видиме кои деца петка добиле
и која мајка е добра да се преврти

По некое време пиво бројано
тргнавме со пијан чекор
се свртев по млади што нѐ разминаа
но Влатко ми упати остар прекор:

Не ли слушаш што ти зборам бе?
Таквите кондомите ги сечат.
Стрпи се ќе им дојде и ним редот
штом од државата за успех добијат печат.



# Летна наталитетна химна

Домољубите и други со наш пасош
прават деца машки, но и женски
по наредба, но и по желба света
на премиерот голем Македонски

Од кампови и плажи
и соби во Охрид
сместувања и апартмани
од Полихроно и Неи Пори
од Тиват, од Котор
од Будва и Суто море
од оние што имаат пари
и од Хрватска па нагоре -
Ечат звуци на задоволство
го полнат македонскиот етер
успех и примерно поведение
што ги носи патриотски ветер

Домољубите и други со наш пасош
прават деца машки, но и женски
по наредба, но и по желба света
на лидерот вечен Македонски

Од ниви и ораници
и овоштарници во Росоман
лозја, шпалир и одер
од Кавадарци до Неготино
од планини, од пасишта
каде добиток мука и блее
од тие што работат цело лето
по чие чело пот се лее -
Ечат звуци на задоволство
го полнат македонскиот етер
успех и примерно поведение
што ги носи патриотски ветер

Домољубите и други со наш пасош
прават деца машки, но и женски
по наредба но и по желба света
на водачот мудар Македонски
Од канцеларии и дуќани

од административни бараки
од новите згради изградени
со должнички маки
од сите безбројни дејности
од за статистика државниот завод
младо, старо, машко, женско
навистина - од сиот народ -
Ечат звуци на задоволство
го полнат македонскиот етер
успех и примерно поведение
што ги носи патриотски ветер

Домољубите и други со наш пасош
прават деца машки, но и женски
по наредба но и по желба света
на првиот татко Македонски



# Повикување на хероите

Дојди мажу,
со векови сама шетам
да се сплотиме во едно
веќе не можам да чекам

Дојди лаву,
поведи ме за рака
под сонцето на Вергина
многу ми се сака

Дојди Македонецу,
блесни со крстот твој
нов пат пред мене се отвора
ти си спасот мој

ПС. Мала песна подарок.
Напишана од женска рака.

# Мала летна авантуража

Откако на граница
кондомите им ги запленија
а за Охрид на Стража
срамежливите домаќини и домаќинки
немаа храброст
да се одважат
во странска продавница
маркет, аптека
или киоск на плажа
да купат гумичка
што од политиката државна
ќе направи бламажа.

Наместо тоа решија
посебно секој за себе
на дело да се покажат
едните да ветат
честа и лакома

орална дренажа
другите да наддадат
со многу посакувана
анална минутажа
за одморот да не е џабе
само вода, сонце, скара
и залудно спакуван багаж.

Но, знаете како есапот
дома и на пазар не е ист
еден друг прелажа
едно е кои правила
ќе ги замислите, а друго
кои во ебење важат
па се вратија и право
во црква и матично
термин да си закажат
кога веќе родители
стануваат редно е
да се женат и мажат.

ПС. Кондомите на
граница не ги враќаат.

# Можеби

Кога ги читам сите овие песни
ми доаѓа да се прашам
дали хумор има секогаш кога од
времето во кое живееме се плашам

Што е ова што се случува со нас
што молчиме и гледаме на страна
додека општеството фабрика прави
од жената како таа да е суровина

Знам, глупо е да се надевам дека
идните генерации ќе ни простат
но сигурен сум ќе се прашуваат
каде ни била храброста

Можеби таа во смешките се крие
Можеби таму скриена чучи
Можеби и конечно ќе се исправи
Можеби во борба ќе се вклучи



Дотогаш како - не знам ,
а се надевам дека ќе има време
да се смееме можеме барем
додека нашата храброст дреме



Македониде*Makedonide 003/2014

